БРОКЕРСКА КУЌА
ИНВЕСТБРОКЕР АД СКОПЈЕ
www.investbroker.com.mk
ул."Истарска" бр.33 1000 Скопје, Р.Македонија Тел: ++389 02 3 110 280; 3100 290 Факс: 3 103 291; 3103 292 ; 3103297
e-mail: investbroker@investbroker.com.mk

**Понуда за преземање на акции издадени од Осигурително брокерско друштво СН Осигурителен Брокер АД Битола**

Врз основа на член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020), Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, во име и за сметка Христо Кондовски со адреса на ул. Леринска бр.43-76 Битола и Зоран Пејчиновски со адреса на ул. Сисак бр.37 Битола (во продолжение: „**Преземачи**"), ја даваат следната:

**П О Н У Д А З А П Р Е З Е М А Њ Е**

на 6816 обични акции со право на глас издадени од Осигурително брокерско друштво СН Осигурителен Брокер АД Битола, со седиште на ул. Димитар Илиевски-Мурато бр.5 Битола, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС: 7000324 (во продолжение: „**СН Осигурителен Брокер АД Битола**").

**1) Хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање:**

Понудата за преземање се однесува на 6816 обични акции со право на глас издадени од СН Осигурителен Брокер АД Битола, со ISIN број: MKSNOB101014, кои претставуваат 24,98% од вкупниот број на издадени обични акции со право на глас.

Понудата за преземање се прифаќа од страна на имателите на обични акции издадени од СН Осигурителен Брокер АД Битола со писмена Изјава за прифаќање на Понудата за преземање, која е составен дел на Проспектот за преземање, објавен на интернет страницата на Македонската берза (www.mse.mk).

**2) Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции со право на глас издадени од СН Осигурителен Брокер АД Битола. Преземачите се обврзуваат да ја купат секоја обична акција со право на глас издадена од СН Осигурителен Брокер АД Битола, во согласност со пропишаните и објавените услови.**

**3) Цената по која Преземачите се обврзуваат да ги откупат хартиите од вредност:**

Преземачите се обврзуваат да ги откупат акциите на кои се однесува Понудата за преземање по цена од 4.761,00 (четири илјади седумстотини шеесет и еден) денари по акција.

Преземачите ја утврдија цената врз основа на член 14 став 4 од Законот за преземање на акционерските друштва и ја понудија цената на хартиите од вредност во висина на проценетата вредност на хартиите од вредност утврдена од страна на овластен проценител.

**4) Рок и начин на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена Понудата за преземање:**

Преземачот на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност депонираше средства потребни за плаќање на сите хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање наведени во точка 1), согласно член 34, став 1, од Законот за преземање на акционерските друштва.

Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на акции кои ја прифатиле Понудата за преземање.

Плаќањето на паричните средства на секој имател на акции кој ќе ја прифати Понудата за преземање ќе се изврши на трансакциска сметка во деловна банка во земјата, за која ќе го извести Централниот депозитар за хартии од вредност со Изјавата за прифаќање на Понудата за преземање.

**5) Датум на започнување и датум на завршување на рокот за прифаќање на Понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност:**

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 21.04.2022 година, а завршува на 18.05.2022 година.

**6) Праг на успешност на Понудата за преземање**

Преземачот нема утврдено праг на успешност, односно најмалата количина на обични акции со право на глас која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна.

**7) Услов за раскинување на Понудата за преземање**

За стекнување на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање, покрај дозволата за понуда за преземање од Комисијата за хартии од вредност, потребна е согласност од Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Со оглед дека Преземачите ја добија потребната согласност од Агенцијата за супервизија на осигурувањето пред давањето на оваа понуда за преземање, понудата е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва.

**ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје**
**Директор**
**Филип Петрушевски**

Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР А.Д. Скопје акционерско друштво